РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Бр. 09-1359/1
од 05.05.2016 год.

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), Градоначалникот на општина Долнени го издава следното:

С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на Општина Долнени дека се распишува:

Ј А В Е Н П О В И К
За доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), во првиот квартал од годината.

- **Во текот на јавниот повик**, кој ќе трае 32 дена, секое заинтересирано правно и физички лице може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички план од членот 7 став (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 од Законот, во електронска форма преку информацискиот состем е-урбанизам или во писмена форма преку архивата на општина Долнени;

- **Предмет на иницијативата** може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план или урбанистичко-планска документација, со конкретен предлог од подносителот на иницијативата, подготвен согласно Законот и подзаконските акти;

- **Јавниот повиќ ќе трае од 06.05.2016год. до 06.06.2016год. – 32 дена**, сметано од објавата во дневните весници „Нова Македонија„ и „2+1„;

- **Јавниот повик ќе биде објавен во** службено гласило на општината, на веб страната на општината - www.opstinadolneni.gov.mk, на огласна табла на општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во дневен весник на Македонски јазик и во дневен весник на Албански јазик. Јавниот повик во печатените медиуми ќе опфати една половина од една страна;

- **Сите подносители на иницијативи ќе бидат известени** во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за доставување на иницијативи, дали е прифатена или одбиена поднесената иницијатива. Известувањето до подносителот ќе биде доставено преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма. За иницијативите од став (6), со кои предмет на планирање се градби со намена ,,Г''и,,Б'' важат роковите и условите пропишани во став (7) и став (8) од Законот;

- **Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко-планска документација на општина Долнени за 2016год.
  Постапката за донесување на урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација мора да започне во рок од 30 работни дена од влегување во сила на програмата.

- **Финансиските средства** потребни за постапката на изработка и донесување на урбанистичките планови и урбанистичко-планските документации по прифатените иницијативи, ги обезбедува правното односно физичкото лице кое ја поднело иницијативата.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на општина Долнени
Боше Милошески